# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ


| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ<br>Излегува по потреба<br>Рок на рекламации 15 дена | 29.5.2024 година<br>Скопје<br>Број 5 год. XIX | Претплатата за 2024 год. износува 1.500,00 денари.<br>Овој број чини 150,00 денари. |



www.centar.gov.mk gradonacalnik@centar.gov.mk


мај, 2024 година

# С О Д Р Ж И Н А

Стр.

- Одлука за усвојување на квартална извештај за извршување на Буџетот на Општина Центар-Скопје за извештајниот период (кумулативно) од 1.1.2024 до 31.3.2024 година, со Решение за објавување ......................... 1 - 2

- Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за комунален ред и мерки за спроведување на подрачјето на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ................ 3 - 5

- Одлука за давање согласност за раскинување на Договор за засновање на право на долготраен закуп на градежно земјиште, со Решение за објавување ....................................... 6 - 8

- Јавни објави ......................................................................... 9 - 15

---

ИЗДАВАЧ: ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ, ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
ГОРАН МИЦЕВСКИ УЛ. „МИХАИЛ ЦОКОВ" БР. 1.-СКОПЈЕ,
ТЕЛ. 3 203-667 и 3 203-613 орган на Општина Центар-Скопје, Тираж 70 примероци

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Центар-Скопје за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 1.1.2024 до 31.3.2024 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Центар-Скопје за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 1.1.2024 до 31.3.2024 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 36. седница, одржана на 28.5.2024 година.

Бр. 09-2530/3
28.5.2024 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 32 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 61/04; 96/04; 67/07; 156/09; 47/11; 192/15; 209/18; 244/19 и 82/20) и член 26 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 36. седница, одржана на 28.5.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Кварталниот извештај**
**за извршување на Буџетот на Општина Центар-Скопје**
**за извештајниот период (кумулативно) за квартал**
**од 1.1.2024 до 31.3.2024 година**

1. Се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Центар-Скопје за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 1.1.2024 до 31.3.2024 година.

2. Оваа Одлука стапува на сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-2530/2
28.5.2024 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за комунален ред и мерки за спроведување на подрачјето на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за комунален ред и мерки за спроведување на подрачјето на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 36. седница, одржана на 28.5.2024 година.

Бр. 09-2530/5
28.5.2024 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 15 став 1 точка 4 алинеја 1 од Законот за градот Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/04 и 158/11), член 5 став 1 алинеја 6 од Законот за комуналните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/12; 163/13; 42/14; 44/15; 147/15; 31/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/20), член 14 од Законот за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија“ бр. 111/08; 64/09; 88/10; 114/10; 23/11; 53/11; 80/12; 163/13; 44/15; 147/15 и 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21) и член 39 од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/08; 52/09; 114/09; 124/10; 23/11; 53/11; 44/12; 168/12; 163/13; 187/13; 39/14; 42/14; 166/14; 44/15; 116/15; 150/15; 31/16; 71/16 и 163/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 174/21 и 253/23), Советот на Општина Центар-Скопје на 36. седница, одржана на 28.5.2024 година, донесе

## О Д Л У К А
## за изменување и дополнување на Одлуката за комунален ред и мерки за спроведување на подрачјето на Општина Центар-Скопје

### Член 1

Во Одлуката за комунален ред и мерки за спроведување на подрачјето на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 11/13 и 2/24) се врши изменување и дополнување на следниов начин:

По член 7 се додаваат нови два члена 7а и 7б што гласат:

### Член 7а

„Надлежност за извршување на работите за заштита на сервисните и станбените улици, јавните површини и другите инфраструктурни објекти во надлежност на Општина Центар-Скопје има Јавното претпријатие за Паркинзи на Општина Центар-Скопје (во натамошниот текст: Јавното претпријатие).

Под заштита на сервисни и станбени улици, јавни површини и други инфраструктурни објекти во смисла на став 1 на овој член се подразбира преземање мерки потребни за спречување на недозволени дејства со кои се прекршуваат одредбите од оваа Одлука, како и преземање мерки и дејства за отстранување на последици предизвикани од прекршување на одредбите на оваа Одлука.

**Член 7б**

Извршителот на недозволените активности е должен веднаш да ги отстрани последиците од недозволените активности и местото да го врати во првобитната состојба.

Во случај извршителот да не ги отстрани последиците од недозволените активности по констатација од страна на надлежен комунален инспектор при Општина Центар-Скопје, тие ќе бидат отстранети од Јавното претпријатие за сметка на извршителот.

Во случај на непознат извршител Јавното претпријатие ќе ги отстрани недозволено поставените уреди, опрема и други ствари од сервисните и станбените улици, јавните површини и другите инфраструктурни објекти по констатација од страна на надлежен комунален инспектор при Општина Центар-Скопје во согласност со оваа Одлука.

**Член 2**

Оваа Одлука стапува на сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-2530/4
28.5.2024 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност за раскинување на Договор за засновање право на долготраен закуп на градежно земјиште**

Се објавува Одлуката за давање согласност за раскинување на Договор за засновање право на долготраен закуп на градежно земјиште,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 36. седница, одржана на 28.5.2024 година.

Бр. 09-2530/7
28.5.2024 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02), а во врска со член 33 од Законот за градежното земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 15/15; 98/15; 193/15; 226/15; 31/16; 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 36. седница, одржана на 28.5.2024 година, донесе

# О Д Л У К А
## за давање согласност за раскинување на Договор за засновање право на долготраен закуп на градежно земјиште

### Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Центар-Скопје ја утврдува потребата за еднострано раскинување на Договорот за засновање право на долготраен закуп на градежно земјиште со непосредна Спогодба бр. 20-1591 од 1.4.2008 година, склучен помеѓу Министерството за транспорт и врски и Министерството за образование, градежно земјиште кое претставува КП. бр. 130/3 во површина од 14.792 $м^2$, евидентирана во Имотен лист бр. 5210 за КО Центар 2; КП. бр. 2501/3 во површина од 1.398 $м^2$ евидентирана во Имотен лист бр. 16667 за КО Центар 2, КП. бр. 2501/4 во површина од 696 $м^2$ евидентирана во Имотен лист бр. 16667 КО Центар 2; КП 2499/11 во површина од 40 $м^2$ евидентирана во Имотен лист бр. 16666 за КО Центар 2; КП. бр. 2906/6 во површина од 70 $м^2$ евидентирана во Имотен лист бр. 16998 и 17398 за КО Центар 2, КП. бр. 2905 во површина од 1 $м^2$ евидентирана во Имотен лист бр. 17398 за КО Центар 2, односно во вкупна површина од 16.997 $м^2$ во согласност со Извод од Детален урбанистички план Градска четврт Капиштец - Геолошки завод, под бр. 273/2 од 30.1.2008 година од Општина Центар и Нумерички податоци бр. 1104/677/1 од 5.2.2008 година изработени од Државен завод за геодетски работи, Сектор за премер и катастар Скопје.

Престанокот на правото на долготраен закуп на градежно земјиште со непосредна спогодба преку еднострано раскинување на Договорот во согласност со член 1 на оваа Одлука, се утврдува заради неисполнување на целта поради која е склучен договорот, односно неизградба на објект од областа на образованието.

**Член 2**

Се овластува градоначалникот на Општина Центар-Скопје да ги преземе потребните активности за спроведување и реализација на оваа Одлука во смисла на еднострано раскинување на договорот утврдени во член 1 на оваа Одлука спрема РСМ – Министерство за транспорт и врски, односно Министерство за образование како договорни страни на Договорот за засновање на правото на долготраен закуп на градежно земјиште со непосредна спогодба.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува на сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-2530/6
28.5.2024 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Согласно член 84 и член 86 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на РМ" бр. 124/15), Општина Центар - Скопје ја врши следната објава

**До**
**Миле Тавчиоски, ул. „Рајко Жинзифов" Бр. 44А, 1000 Скопје**
**Муратовски Бојан, ул. „Рилски Конгрес" Бр. 122, 1000 Скопје**
**Владимир Муратовски, ул. „Рилски Конгрес" Бр. 122, 1000 Скопје**
**Илија Шукалов, ул. „20ТИ Октомври" Бр. 29/2, 1000 Скопје**
**Бојана Узунова, ул. „20ТИ Октомври" Бр. 27/7, 1000 Скопје**
**Цицимов Андреј, ул. „20ТИ Октомври" Бр. 27/12, 1000 Скопје**
**Елена Нечевска, ул. „20ТИ Октомври" Бр. 27/17, 1000 Скопје**
**Радица Грамбозова, ул. „Франклин Рузвелт" Бр. 36/1-10, 1000 Скопје**
**Миноска Билјана, ул. „Шуматоска" Бр. 10А, 1230 Гостивар**
**Миноски Ненад, ул. „Шуматоска" Бр. 10А, 1230 Гостивар**
**Росита Матеска, ул. „Црногорска" Бр. 15, 1000 Скопје**
**Грозда Узунова, ул. „20ТИ Октомври" Бр. 27/7, 1000 Скопје**
**Светлана Наумовска Добревска, ул. „Петар Поп Арсов" Бр. 29, 1000 Скопје**
**Васко Анастасов, ул. „20ТИ Октомври" Бр. 27/8, 1000 Скопје**
**Јовановска Марика, ул. „20ТИ Октомври" Бр. 27/3, 1000 Скопје**
**Гордана Шукалова, ул. „20ТИ Октомври" Бр. 29/2, 1000 Скопје**
**Миле Мишевски, ул. „20ТИ Октомври" Бр. 29/18, 1000 Скопје**
**Гавро Серафимовски, ул. „Панче Попоски" Бр. 4/1-6, 1230 Гостивар**
**Славица Петрова, ул. „20ТИ Октомври" Бр. 27/1-9 , 1000 Скопје**
**Димче Атанасовски, ул. „20ТИ Октомври" Бр. 27/5, 1000 Скопје**
**Горан Матески, ул. „Црногорска" Бр. 15Б, 1000 Скопје**
**Гојко Матески, ул. „Црногорска" Бр. 15, 1000 Скопје**
**Сашо Груевски, ул. „Љупка Џундева" Бр. 10, 1000 Скопје**
**Синан Хаџија**
**Зорица Арбелска, ул. „Франклин Рузвелт" Бр. 42/1-1, 1000 Скопје**
**Василка Петрушевска, ул. „Народни Херои" Бр. 21/2-26, 1000 Скопје**
**Ангелина Малинска, ул. „Борка Талевски" Бр. 25, 1000 Скопје**
**Хеилмаиер Александар Јана, ул. „Франклин Рузвелт" Бр. 2/33, 1000 Скопје**
**Коцевска Десо Марина, ул. „Борис Кидриќ" Бр. 57, 1200 Тетово**
**Печијарески Ордан Слободан, ул. „Борка Талески" Бр. 25/6, 1000 Скопје**
**Бидиков Владислав Оливер, ул. „Борка Талески" Бр. 25, 1000 Скопје**
**Спировса Вено Надежда, ул. „Борка Талески" Бр. 25, 1000 Скопје**
**Иво Стојаноски, ул. „Борка Талевски" 25/9, 1000 Скопје**
**Стојанчо Стојаноски, ул. „Митрополит Теодосиј Гологанов" 147/3-1, 1000 Скопје**

**Општина ЦЕНТАР - Скопје**
**Уп1 бр. 27-286/2023 од 13.05.2024 год.**
**С К О П Ј Е**

**ПРЕДМЕТ: Известување**

Градоначалникот на Општина Центар - Скопје, решавајќи по барањето на инвеститорите **ДПТГУ ДЕКОН-КОМ ДООЕЛ Скопје**, со седиште на ул. „Војвода Васил Чакаларов" бр. 3-1/3, Скопје-Карпош, **ДГ АЛТЕА ФОРМА ДООЕЛ Скопје**, со седиште на ул. „Костурски Херои" бр. 17-1/3, Скопје-Центар, **ДГ КВАДРАТ ПЛУС ДООЕЛ Скопје**, со седиште на ул. „Браќа Галеви" бр. 46А/1, Скопје-Ѓорче Петров, **Оливера Атанасовска-Серафимова**, со живеалиште на ул. „Рајко Жинзифов" бр. 44-1, Скопје-Центар, **Гордана Атанасовска**, со живеалиште на ул. „Рајко Жинзифов" бр. 44-1, Скопје-Центар, **Милица Исаевска**, со живеалиште на ул. „12" бр. 9А, Бардовци, **и ДГТУ АЛЕКСАНДЕР ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ Скопје**, со седиште на ул. „Орце Николов" бр. 98, сутерен, Скопје-Центар, преку полномошник Виолета Томиќ, управител на правното лице ДТУП ВИКАС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со седиште на ул. „1615" бр. 2-1/15, Скопје-Аеродром, поднесено во електронска форма преку информацискиот систем е-одобрение за градење под Уп1 бр. 27-286 од 29.08.2023 год. за издавање на **Одобрение за градење** на објект со намена А2 – Домување во станбени згради на ул. „Рајко Жинзифов" бр. 44, КП 11396, КО Центар 1 - општина ЦЕНТАР, на г.п. 18.34 од ДУП: Детален урбанистички План Буњаковец 2, донесен со Одлука бр. 07-9331/10 од 10.12.2012 г. – о. Центар, Скопје, врз основа на член 58 став 2 и член 59 од Законот за градење („Службен весник на Р.М." бр.130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2013, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 71/2016, 132/2016, 35/2018, 64/2018 и 168/2018) и („Службен весник на Р.С.М." бр.244/19, 18/20, 227/22 и 111/23), а во врска со член 87 и член 88 од Законот за општата управна постапка („Сл. Весник на РМ" бр. 124/2015), издаде **Одобрение за градење со Уп1 бр. 27-286/2023 од 13.05.2024 год**.

Согласно член 62-а од Законот за градење („Службен весник на Р.М." бр. 130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2013, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 71/2016, 132/2016, 35/2018, 64/2018 и 168/2018) и („Службен весник на Р.С.М." бр. 244/19, 18/20, 227/22 и 111/23), Ве известуваме дека во рок од 10 дена од датумот на објавување на ова известување во Службено гласило на Општина Центар-Скопје, можете да извршите увид во документацијата.

Увид во издаденото одобрение може да се изврши секој вторник и четврток од 9h - 11h, во просториите на Општина Центар, барака 3, ул. Михаил Цоков бр. 1 во Скопје.

Горното Ви се дава на знаење.

**Напомена:** Странките имаат право на жалба во рок од 15 дена од денот на објавата во дневен печат и по истекот на 10 дена од датумот на објавување во Службено гласило на Општина Центар-Скопје до Министерот кој раководи со органот на државната управа, надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Доколку не извршите увид и/или не поднесете жалба против издаденото **Одобрение**, во рок од 15 дена од денот на објавата во дневен печат и по истекот на 10 дена од датумот на објавување во Службено гласило на Општина Центар-Скопје, **Одобрението** станува правосилно.

**Предупредување:** Согласно член 84 став 6 од Законот за општата управна постапка, овој начин на доставување се смета за уредна достава и за негативните последици кои можат да настанат ги сноси самата странка.

Согласно Законот за општа управна постапка, член 84, Општина Центар ја врши следната објава

**ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ**
**бр. 27-1572/24 од 23.05.2024год.**
**С К О П Ј Е**

**До**
Маневски Јовица, ул.Ѓуро Ѓаковиќ бр.54А/6, Скопје
Батев Гиго Александар, ул.Ѓ.Ѓаковиќ бр.54а, Скопје
Илиќ Радивој Љубомир, ул.Ѓ.Ѓаковиќ бр.54а, Скопје
Цветковиќ Коста Тихомир, ул.Ѓ.Ѓаковиќ бр.54а, Скопје
Лабудовиќ Јаниќије Милорад, ул.Ѓ.Ѓаковиќ бр.54а, Скопје
Шалев Никола Владимир, ул.Ѓ.Ѓаковиќ бр.54а, Скопје
Мановски Ефтим Никола, ул.Ѓ.Ѓаковиќ бр.54а, Скопје
Софијановски Ѓорѓи Јанко, ул.Ѓ.Ѓаковиќ бр.54а, Скопје
Лабудовиќ Владимир, ул.Ѓ.Ѓаковиќ бр.54а, Скопје
Славица Шелева, ул.Коле Неделковски бр.61-5, Скопје
Друштво за транспорт, трговија производство и услуги Транс-Промет Дооел Екс.Имп, ул. Прашка бр.74А, Скопје
Драгица Александар Батева, ул.Ѓуро Ѓаковиќ бр.54а, Скопје
Татјана Панова, ул.Козара бр.64/1-11, Скопје
Цветковиќ Зоран, Торонто-Канада
Ружа Илиќ, ул.Ѓуро Ѓаковиќ бр.54а, Скопје
Драган Димишков, ул.Орце Николов бр.182а/1/23, Скопје
Драгана Стефановска, ул.Мирослав Крлежа бр.56, Скопје
Марко Стефановски, ул.Мирослав Крлежа бр.56, Скопје

**ПРЕДМЕТ: Известување на соседи**

Градоначалникот на Општина Центар - Скопје постапувајќи по барањето на инвеститорите **Кочо Стојчески, со живеалиште од Скопје на ул. Диме Аницин бр. 4/1- 6А, Ивана Илоска Трајковска, со живеалиште во Скопје на ул. Народни Херои бр. 7 и Сања Илоска Танковска, со живеалиште во Скопје на ул. Аминта Трети бр. 81/1- 11**, во електронска форма преку информацискиот систем е - одобрение за градење под бр.27-1572 од 13.03.2024 година, за издавање на одобрение за градење на објект со намена А2 - домување во станбени згради, објект од втора категорија, на ул.„Ѓуро Ѓаковиќ" бр.54, КП 9880 и 13803/8, КО Центар 1, Скопје, ГП 8.20 од ДУП Дебар Маало 2 со Одлука бр.07-3727/2 од 28.12.2009 година, согласно законска регулатива за градење на тој вид градба **издаде Одобрение за градење со бр.27-1572/4 од 30.04.2024 година.**

Доколку не извршите увид и/или не поднесете жалба против издаденото Одобрение, во рок од 15 дена од денот на објавата во дневен печат и по истекот на 10 дена од датумот на објавување во Службено гласило на Општина Центар-Скопје, Одобрението станува правосилно.

**Напомена:** Странките имаат право на жалба во рок од 15 дена од денот на објавата во дневен печат и по истекот на 10 дена од датумот на објавување во Службено гласило на Општина Центар-Скопје до Министерот кој раководи со органот на државната управа, надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

**Предупредување:** Согласно член 84 став 6 од Законот за општата управна постапка, овој начин на доставување се смета за уредна достава и за негативните последици кои можат да настанат ги сноси самата странка.

Согласно Законот за општа управна постапка, член 84, Општина Центар ја врши следната објава

**ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ**
**Уп1 бр.27-318/2023 од 22.05.2024 год.**
**С К О П Ј Е**

**До**
Велковска -Јанковиќ Ирина, ул.Асном, бр.50,2,8, Скопје,
Петровски Методија, ул.11 Октомври, бр.46,2,8, Скопје,
Зоран Катру, ул.Партизански Одреди, бр.109,3,7, Скопје,
Мила Проданова, ул.11 Октомври, бр.44,1,7, Скопје,
Благоја Бајдевски, ул.Ѓорче Петров, бр.4,-,-, Куманово,
Петровска Бранка, ул. 11 Октомври, бр.46,2,8, Скопје,
Стефановски Веселин, Бул. Јане Сандански, бр.52,2,12, Скопје,
Крстевски Александар Спиро, ул.402, бр.19, Скопје,
Драган Србиновски, ул.Благоја Стефковски, бр.23,2,6, Скопје,
Зубери Зуљфи, ул.С.Георг -Шнајдерот, бр.2,-Скопје,
Зубери Сабедеин, ул.С.Георг -Шнајдерот, бр.2,-Скопје,
Василка Ѓорѓиевска, ул.402, бр.17,-Скопје,

**ПРЕДМЕТ: Известување**

Градоначалникот на Општина Центар - Скопје постапувајќи по барањето на инвеститорите **ФЛОРАСТАТ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје**, **Стефан Костадинов**, **Сашо Митков**, **Борислав Митковски**, **Весна Васова**, **Ѓоко Митковски**, поднесено во електронска форма преку информатичкиот систем е-одобрение за градење, под УП1 бр. 27-318 од 27.09.2023 год. за издавање Одобрение за градење на објект со наменаА2 - домување во станбени згради, на ул.Славе Георгиевски Шнајдерот бр.6 Скопје, на КП 13374 и др., КО Центар 1, согласно ГП 2.41 од ДУП: Детален урбанистички План-Градска четврт И 03,локалитет Мирче Мацан,Општина Центар-Скопје, донесен со Одлука бр. 08-1485/38 од 14.03.2019 г. издаде **Одобрение за градење Уп1 бр.27-318/2023 од 15.04.2024 год.** согласно законска регулатива за градење на тој вид градба.

Согласно член 62-а од Законот за градење („Службен весник на Р.М." бр.130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2013, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 71/2016,132/2016, 35/2018, 64/2018 и 168/2018) и („Службен весник на Р.С.М." бр.244/19,18/20,279/20,227/22 и 111/23), Ве известуваме дека во рок од 15 дена од денот на приемот на ова известување можете да извршите увид во документацијата.

Увид во издаденото одобрение може да се изврши секој вторник и четврток од 09h - 11h, во просториите на Општина Центар, барака 3, ул.Михаил Цоков ББ во Скопје.

Горното Ви се дава на знаење.

**Напомена:** Странките имаат право на жалба во рок од 15 дена од денот на објавата во дневен печат и по истекот на 10 дена од датумот на објавување во Службено гласило на Општина Центар-Скопје до Министерот кој раководи со органот на државната управа, надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Доколку не извршите увид и/или не поднесете жалба против издаденото Одобрение во рок од 15 дена од денот на објавата во дневен печат и по истекот на 10 дена од датумот на објавување во Службено гласило на Општина Центар-Скопје, одобрението станува правосилно.

**Предупредување:** Согласно член 84 став 6 од Законот за општата управна постапка, овој начин на доставување се смета за уредна достава и за негативните последици кои можат да настанат ги сноси самата странка.

Согласно Законот за општа управна постапка, член 84, Општина Центар ја врши следната објава

**ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ**
**Уп1 бр. 27-375/2023 од 17.04.2024 год.**
**С К О П Ј Е**

**До**
**Соња Богоројческа, ул. Ј. Хаџиконст. Џинот бр.3/1/7, Скопје**
**Билјана Петковска, ул. Мито Хаџивасилев Јасмин бр.30/1/10, Скопје**
**Ристовска Атанас Слободанка, ул. Д. Беровски бр.8, Скопје**
**Каменко Христовски, ул. Д. Беровски бр.8Б, Скопје**

**ПРЕДМЕТ: Известување на соседи**

Градоначалникот на Општина Центар - Скопје постапувајќи по барањето на инвеститорот **Никола Ветаџокоски** со живеалиште во Скопје на ул. Партениј Зографски бр.89/2, поднесено во електронска форма преку информацискиот систем е-одобрение за градење под Уп1 бр.27-375 од 20.11.2023 година, за издавање на одобрение градење на објект со намена А1- Домување во станбени куќи, на ул. Востаничка бр.9а, КО Центар 2, КП 2240, Скопје, ГП 4.28.28А согласно Одлука бр.08-1242/48 од 08.03.2023 година за урбанистичкиот проект со план за парцелација за формирање на една градежна парцела од ГП 4.28 и ГП 4.28 А од детален урбанистички план за градска четврт Ј06, дел од локалитет Тасино Чешмиче 1 и Тасино Чешмиче 2 со Одлука бр.08-5980/6 од 10.12.2019 година, согласно законска регулатива за градење на тој вид градба **издаде Одобрение за градење со Уп1 бр.27-375/2023 од 08.04.2024 година.**

Доколку не извршите увид и/или не поднесете жалба против издаденото Одобрение, во рок од 15 дена од денот на објавата во дневен печат и по истекот на 10 дена од датумот на објавување во Службено гласило на Општина Центар-Скопје, Одобрението станува правосилно.

**Напомена:** Странките имаат право на жалба во рок од 15 дена од денот на објавата во дневен печат и по истекот на 10 дена од датумот на објавување во Службено гласило на Општина Центар-Скопје до Министерот кој раководи со органот на државната управа, надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

**Предупредување:** Согласно член 84 став 6 од Законот за општата управна постапка, овој начин на доставување се смета за уредна достава и за негативните последици кои можат да настанат ги сноси самата странка.

Согласно Законот за општа управна постапка, член 84, Општина Центар ја врши следната објава

**ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ**
**Уп1 бр. 27-417/2023 од 19.04.2024 год.**
**С К О П Ј Е**

**До**
**Чурилов Ѓорѓи Николај, ул. Ѓ.Ѓаковиќ бр.68, Скопје**
**Иван Стефановски, ул. Васко Карајанов бр.4/2, Скопје**
**Друштво за угостителство, промет и услуги Џезбокс Дооел- Скопје, ул. Орце Николов бр.99/1/1, Скопје**
**Алчинова-Моневска Сузана, ул. Салвадор Аљенде бр.31, Скопје**

**ПРЕДМЕТ: Известување на соседи**

Градоначалникот на Општина Центар - Скопје постапувајќи по барањето на инвеститорите **Климент Грозданов** од Скопје, со живеалиште на ул.Апостол Гусларот бр.48, **Александра Нелковска Грозданов** од Скопје, со живеалиште на ул.Апостол Гусларот бр.48, и Друштво за производство, трговија и услуги **ПЛУС НЕТВОРК ДООЕЛ** експорт-импорт Скопје, со седиште на ул.Даме Груев бр.5, во електронска форма преку информацискиот систем е- одобрение за градење под Уп1 бр.27-417 од 26.12.2023 година, за издавање на одобрение градење на објект со намена А2- Домување во станбени згради, на ул.„309" бр.6, КП 9762/1 и 9767/2, КО Центар 1, Скопје, ГП 6.7 од ДУП Дебар Маало 2 со Одлука бр.07-3727/2 од 28.12.2009 година, согласно законска регулатива за градење на тој вид градба **издаде Одобрение за градење со Уп1 бр.27-417/2023 од 17.04.2024 година.**

Доколку не извршите увид и/или не поднесете жалба против издаденото Одобрение, во рок од 15 дена од денот на објавата во дневен печат и по истекот на 10 дена од датумот на објавување во Службено гласило на Општина Центар-Скопје, Одобрението станува правосилно.

**Напомена:** Странките имаат право на жалба во рок од 15 дена од денот на објавата во дневен печат и по истекот на 10 дена од датумот на објавување во Службено гласило на Општина Центар-Скопје до Министерот кој раководи со органот на државната управа, надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

**Предупредување:** Согласно член 84 став 6 од Законот за општата управна постапка, овој начин на доставување се смета за уредна достава и за негативните последици кои можат да настанат ги сноси самата странка.